**20140471401**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со членот 69 и 71 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000,50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009,67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА РАБОТА НА КОНТРОЛАТА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за овластување и начин на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2010, 33/2011 и 29/2012), во членот 11 став 1 точка 2 се менува и гласи:

„Остварување на активности за исполнување на определени цели кај избраниот лекар се врши на репрезентативен примерок на 2.5% од целите за секоја цел поединечно. Начинот за пресметката и исплатата на реализираните цели е дефиниран со посебно Упатство. Реализацијата на превентивните мерки и активности (цели) кај избраниот лекар започнувајќи од 2014 година, се порамнуваат на крајот на календарската година.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2014/6
3 февруари 2014
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Ангел Митевски,** с.р.